# Вентилатор

## На гости кај Папата

Американскиот уметник Бил Вајола, познат со провокативните религиозни теми во своите дела, ќе биде еден од гостите на папата Бенедикт XVI на културниот самит на 21 ноември, при што Ватикан ќе биде домаќин на 500 светски сликари, архитекти, книжевници, музичари, филмски работници... Покрај Вајола, меѓу другите, Папата ги поканил и славниот архитект Даниел Либескинд, театарскиот режисер Боб Вилсон, пејачот Боно Вокс и филмскиот композитор Енио Морриконе. Самитот е опишан како „прва од многуте иницијативи со кои би требало да се премости безднaта меѓу духовноста и уметничкото изразување во текот на последното столетие“. Антонио Паолучи, шеф на Ватиканскиот музеј, ја изедначил современата религиска уметност со „лош вкус“, а поголем број од црквите ги оценил, едноставно, како грди. (Д.Б.)



Бил Вајола

## Отворање на Кралската опера

Кралската опера на дворецот Версај по двегодишното реновирање повторно е отворена за јавноста. Според француските медиуми, реновирањето чинело 13,5 милиони евра и претставува досега најголем оперативен зафат во Кралската опера. За во иднина опасноста од пожари да биде сведена на најниско ниво, со реновирањето биле променети електричната инсталација и греењето. Инаку, оригиналниот ентериер на операта, покрај позлатените столбови, скапоцените декоративни елементи и импозантните лустери, главно е направен од дрво. Кралската опера во Версај била инаугурирана во 1770 година, по повод венчавањето помеѓу Марија-Антоанета и идниот крал Луј Шеснаесетти. (Д.Б.)



Версај

**ИНИЦИЈАТИВА** I МЛАДИ УМЕТНИЦИ СОЗДАДОА „АРТ-ИНСТИТУТ“

**НАМЕНА** Дел од просториите на Геолошкиот институт во Скопје станаа простор во кој група млади уметници го создадоа својот „Арт-институт“

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*

ФОТО: **АНДРЕЈ ГИНОВСКИ**



**ПРОСТОР** Просторот на „Арт - институт“ опфаќа 12 простории со околу 330 квадратни метри



# Бавноста на институциите ка

Петнаесет млади ликовни уметници по сопствена иницијатива создадоа „Арт-институт“ во просториите на Геолошкиот институт во Скопје. Идејата ја носеле долго време, а практичната реализација на иницијативата започна на 1 август, иако со вистинските активности просторот почна да функционира во текот на септември. „Идејата постои уште од периодот кога одевме во средното уметничко училиште, кога сакавме да најдеме простор каде што сите заедно ќе работиме, ќе изложуваме и ќе се дружиме. Сега се погоди моментот, го пронајдовме местото и веќе работиме заедно. Немаме некои посебни очекувања, но работите веќе почнаа да се случуваат“, вели уметницата Марија Сотировска.

■ **ПОТРЕБА** Во почетниот период кон „Арт-институт“ се приклучија уметниците: Далибор Тренчевски, Кристина Хациева, Марија Сотировска, Ангел Миов, Никола Радуловиќ, Борче Богоевски, Ана Ивановска, Маја Кировска, Тања Ристовска, Христина Зафировска, Марко Георгиевски, Горан Боев, Зорица Зафировска, Весна Велевска и Игор Китановски. Уметникот Далибор Тренчевски, еден од главните иницијатори на создавањето на „Арт-институт“, во однос на потребата младите уметници да се самоорганизираат на овој начин вели: „Се собравме во просторот на овој 'институт' бидејќи ни пречи бавноста и инертноста на институциите. Тука можеме постојано да работиме и да изложуваме, додека кога одиме преку институционалните рамки на системот прво треба да конкурираме една година однапред, па ќе помине уште една година додека да се реализира еден единствен проект, а како млади уметници ни се 'пука од прва' и не можеме да чекаме со години за да стигнеме до самостојна изложба“.

Групацијата е отворена за нови членови така што кон сегашните 15 може да се приклучат и други уметници. „Само тоа место не е толку важно, колку што е важна групата луѓе кои се собрани заедно да создаваат уметност. Просторот го пронајдовме сосема случајно, поточно на јавен оглас видовме дека се изнајмува, направивме математика колку ќе не чини изнајмувањето и по колку средства од човек ќе треба да обезбедиме и така почнавме. Сè е трошок за нас, но го правиме во служба на тоа што сакаме да го работиме, а тоа е уметноста. Државните институции ниту ни даваат, ниту ни земаат, и кај нас нема револт кон институциите на системот, туку основната цел на овој проект е уметноста. Секогаш сме отворени за нови членови, независно од генерацијата и техниката, а колку повеќе уметници работат тука, толку помала ќе биде ратата за кирија на секој уметник поединечно. Тука и ќе работиме и ќе изложуваме, а просторот ќе се користи комбинирано. Кога некој ќе одлучи да направи изложба, другите малку ќе се присобереме со материјалите



**ДЕЛО** Во периодот на адаптација на просторот, младите уметници дури и од тоалетот направија уметничко дело

## БОРЧЕ ГРОЗДАНОВ ПРЕПОРАЧУВА



Борче Грозданов е новинар и театарски критичар кој ги проследи сите претстави на годинашниот фестивал „Млад отворен театар“, а за „Глобус“ препорачува наслови и од другите области во уметноста:

**КНИГА**

„Бели ноќи“ од Фјодор Михајлович Достоевски, бидејќи не сум прочитал поубава љубовна приказна.




**ФИЛМ**

„Лет над кукавичкото гнездо“ на Милош Форман, со Џек Николсон во главната улога е жесток филм за 'лудите' и за 'здравите', а истовремено го поставува прашањето: кој е кој?





**ГРУПА** Ангел Миов, Никола Радуловиќ, Кристина Хаџиева и Далибор Тренчевски се дел од петнаесетте уметници кои работат во 'институтот'

# ко предизвик за нови идеи

за да му обезбедиме простор да ги постави своите дела, и така ќе продолжиме во круг. Секој од нас кога ќе заврши одреден свој циклус тоа ќе го претстави со своја изложба, а во подготовката на изложбата ќе му помагаат сите други уметници кои работат тука", објасни Ангел Миов.

■ **СЦЕНА** За потребите на „Арт-институт" уметниците изнајмиле 12 простории со околу 330 квадратни метри, но најважно за нив е што продолжуваат да работат заедно. „Останува фактот дека ние ја правиме сегашната уметничка ликовна сцена, независно дали функционираме во институциите на системот или го бираме потешкиот пат со тоа што самите си ги обезбедуваме условите за работа. Ние сме генерација која, за разлика од другите генерации, останавме да се дружиме. Веќе десет години сме заедно и би сакале да продолжиме така. Секој ден се гледаме и се чувствуваме, речиси, како да живееме заедно. Тоа не е типично за сите генерации, после факултет да останат заедно и да работат заедно. Секако, секој со својата идеја и со сопствениот уметнички израз", вели Кристина Хаџиева.

Секако, нивната намера е кон групата да се приклучат повеќе уметници. „Идејата е да може да соработуваме со што поразлични луѓе за да можеме да експериментираме со повеќе различни техники и уметности, а притоа проектите да не се сведат само на слика на платно, туку нашата намера е проектите да бидат мултимедијални", вели Далибор Тренчевски.

■ **ИМЕТО** Во однос на името на просторот велат дека заеднички одлучиле да бидат „Арт-институт". „Секако, не станува збор за некаков вистински и конкретен научен институт, туку тоа име убаво ни звучи. Причината што не одведе до тоа име лежи во фактот што зградата во која ги изнајмивме нашите простории отсекогаш била геолошки институт, па сега нашиот дел само го преименувавме во 'Арт-институт'. Претходно тука се истражувала структурата на земјата, а сега ние ја истражуваме структурата на уметноста", вели Ангел Миов.

Првата групна изложба во „Арт-институт" се случи пред петнаесетина дена со наслов „Обид нула", а следната изложба се подготвува за 7 октомври. Во просторот на „Арт-институт" ќе се подготвуваат и магистерски и докторски проекти, па можно е со тек на времето групата млади уметници да се пререгистрираат како уметнички институт во вистинската смисла на зборот. ■

## ТЕАТАР

„Тапани во ноќта" во режија на Мартин Кочовски, а во изведба на Народниот театар „Војдан Чернодрински" од Прилеп, е претстава која е вистинско супердоживување кое треба да се види!



## ЦД

Во последно време најмногу уживам во старите добри македонски народни староградски 'блузови'!




## ИНТЕРНЕТ

Немам омилен сајт бидејќи со новинарската професија секојдневно отворам стотици различни Интернет-сајтови и затоа за сè што ме интересира се консултирам со „чичко Гугл", кој знае сè!



## Домашно кино

ПИШУВА: **ИГОР АНЃЕЛКОВ**

### Ситни прашинки

**(ВЕЛИКА БРИТАНИЈА)**
LITTLE ASHES (112 мин.)

**режија: Пол Морисон**
**улоги: Хавиер Белтран, Роберт Патинсон, Метју Мек-Налти**

Не толку познатиот режисер Пол Морисон реши со својот нов филм барем малку да и се приближи на со години, или подобро, веќе со декади строго чуваната тајна за природата на врската помеѓу гуруто на надреализмот, Салвадор Дали, и не помалку славниот поет Федерико Гарсија Лорка, претворајќи го дуото во трио откако во игра влегува и филмаџијата Луис Буњуел. Годината е 1922, местото на случување - Мадрид, а атмосферата е максимално боемска, зачинета со сè попопуларниот џез, како и со модерната психоанализа на Фројд.




★★★☆

### Вајлд

**(ВЕЛИКА БРИТАНИЈА)**
WILDE (120 мин.)

**режија: Брајан Џилберт**
**улоги: Стивен Фрај, Џад Ло, Мајкл Шин, Ванеса Редгрејв**

Кога станува збор за (не)разјаснетата сексуалност на уметниците, и филмот на Б. Џилберт си поигрува со темата, со тоа што легендарниот бонвиван Оскар Вајлд го прикажува во семејно светло, со сопруга и два обожувани сина, но... секако, во вакво биографско дело неизбежна е и другата страна од приказната, која на овој или на оној начин влијае врз првата, и најважно, врз пишувањето на човекот чија смрт на почетокот од 20. век од него создаде книжевна икона. Покрај маестралниот С. Фрај, и љубовниците на Вајлд, Роби Рос и Лорд Даглас, се одлично одиграни од М. Шин и Џ. Ло.




★★★☆

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично